РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА 2106
УП 1 бр. 14-854
15.05.2017 година
СКОПЈЕ

Архивски знак: ... Рок на чување: ... 20 17 год. Потпис,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
СКОПЈЕ

| Примено: | 13-07-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 21 | 611/6 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија"бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Ветеринарна медицина и Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Ветеринарна медицина и Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, Решение бр. 17-360/4 од 09.03.2017 година за акредитација на студиската програма од трет циклус тригодишни студии Безбедност на храна и Решение бр. 17-360/15 од 09.03.2017 година за акредитација на студиската програма од трет циклус тригодишни студии Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се обрати со барање бр.03-651 од 05.04.2017 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 број 14-854 од 06.04.2017 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на горенаведените студиски програми.

Министерството за образование и наука, со решение УП 1 бр. 14-854 од 18.04.2017 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 05.05.2017 година, изврши увид и изготви Извештај УП 1 бр. 14-854 од 08.05.2017 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус тригодишни студии по Ветеринарна медицина и Безбедност на храна на Факултетот за ветеринарна медицина при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 3

МИНИСТЕР,
Pishtar Lutfiu

изработил: Биљана Зафировска
прегледал: Снежана Лузевска
одобрил: д-р Агим Рушити